# Политика на DS Smith „Пријави!“

## Version Control

| Version | Effective date | Owner | Approved by | Last revision date |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 | 29/04/2014 | Iain Simm | The Board | 30/09/2016 |

## Политика на DS Smith „Пријави!“

Во DS Smith ќе ги градиме односите врз основа на нашите клучни вредности – **да се грижиме**, **да си задаваме предизвици**, **да ни веруваат**, **да реагираме** и **да сме упорни** и тоа ќе го правиме на таков начин што ќе покажеме одговорно однесување и кон општеството и кон животната средина. Од сите вработени во DS Smith се очекува да ги вршат своите должности во компанијата на законски и етички начин како што е наведено во нашиот Кодекс на однесување.

Како вработени, имате лична одговорност не само да го познавате Кодексот на однесување туку и да му укажете на раководството доколку некое дејство ги крши законот или политиките на компанијата или не ги задоволува високите стандарди утврдени во Кодексот на однесување. Во овој документ „Пријави!“ се објаснува политиката и се даваат детални информации за постапките за пријавување и испитување на повредите на Кодексот на однесување. Политиката се спроведува по извршени консултации со работните совети и другите соодветни претставнички тела на вработените.

Како прв чекор, треба да му ги пријавите на претпоставениот сите проблеми или сè што ве загрижува. Доколку тоа не Ви е пријатно, во рамките на „Пријави!“ имате три опции – може да пријавите преку бесплатната телефонска линија наменета за таа цел, преку безбедна веб-страница (обете ги одржува Expolink, независна компанија во сопственост на трети лица којашто обезбедува поддршка за сите јазици што се зборуваат во DS Smith) или да испратите е-пошта до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата во Групацијата. Неодамна ги ажуриравме постерите за „ Пријави!“ и во нив сега ги има бесплатниот телефонски број за вашата земја и веб-страницата од Expolink. Тие треба да бидат истакнати на сите огласни табли. Сите пријави во рамките на „Пријави!“ ќе бидат обработени со најголема доверливост. И опцијата за телефон и опцијата за веб-страница се достапни 24 часа дневно, седум дена неделно.

Политика на DS Smith е да гради атмосфера каде што вработените знаат дека ќе бидат поддржани доколку пријават повреди на Кодексот на однесување кај раководството. Никој вработен нема да сноси одговорност за загуба на бизнисот што може да произлезе од придржувањето до Кодексот.

Прочитајте го внимателно овој документ. Ако се сомневате дека некој го повредил Кодексот на однесување, ви советуваме да „Пријавите!“ преку соодветните канали.  Ако е можно, треба да се обидете да обезбедите доказ како поддршка на вашите сомнежи.

Знам дека можам да сметам на Вас дека ќе ги почитувате начелата и вредностите за да обезбедиме успех за DS Smith во иднина.

Miles Roberts,

Group Chief Executive

# Политика на DS Smith за злоупотреба на работното место - „Пријави!"

Во DS Smith Plc и нашите подружници („DS Smith") сме посветени на највисоките етички стандарди при нашата меѓусебна комуникација и при комуникацијата со нашите клиенти, вработени, акционери, добавувачи и други засегнати лица. Репутацијата на „DS Smith" се темели врз постигнувањето на овие високи стандарди.

Оваа политика е осмислена за да обезбеди постапки со коишто ќе Ви се овозможи да пријавите доколку нешто Ве загрижува (во рамките на локалните закони) ако има основа да верувате дека се случил, се случува или е веројатно дека ќе се случи некој настан на злоупотреба на работното место или погрешно раководење во DS Smith.  Таа важи за сите вработени лица, персоналот ангажиран преку агенција, консултантите и лицата кои имаат директни договори за работа со DS Smith.

Посветени сме на одговорно, отворено и професионално постапување кон сѐ што искрено ги загрижува вработените во врска со некоја практика, постапка или политика спроведена од страна на некој службеник или вработен на DS Smith или неговите подизведувачи, добавувачи, агенти или консултанти, што може да претставува повреда на правилата, неправилност, злоупотреба, опасност за нашите вработени или за нашите клиенти, финансиска злоупотреба, повреда на правните обврски или штета за животната средина.

Ги поттикнуваме вработените и тие коишто работат со DS Smith во кое било својство да ги пријават сите настани на злоупотреба на работното место во што е можно порана фаза. Нашата цел со „Пријави!" е да им овозможиме на вработените да го пријават она што ги загрижува интерно или надворешно за да ги откријат информациите за коишто веруваат дека покажуваат злоупотреба или несоодветно однесување.

Оваа политика ќе се ажурира периодично така што ќе биде предмет на измени.

## Зошто треба да „пријавите"?

Од DS Smith и од вработените се очекува да дејствуваат во согласност со вредностите и деловните начела на компанијата наведени во Кодексот на однесување и придружните политики. Ова важи за постапките на компанијата, како, на пример, кога DS Smith учествува на тендер за некој договор или за постапките на вработените. Да се одржуваат високи стандарди значи да се работи етички и законски. Тоа што се придржуваме да овие стандарди е клучна компонента во градењето репутација на извонредност и интегритет. Придобивките од одржувањето високи стандарди на деловно однесување вклучуваат:

- попријатни работни услови;
- подобри простории и опрема;
- конкурентни цени на производите и услугите; и/или
- поголема безбедност и сигурност.

Повредите во деловното однесување може да доведат до сериозни последици за поединците - дури и до затвор во одредени околности. Компаниите може да претрпат и финансиски последици преку судски постапки и тужби, што може да доведе до казни и/или до ограничувања во вршењето на дејноста. Но, најважно, треба да внимавате бидејќи со повредите во деловното однесување секој е жртва. Може да има сериозни негативни последици за Вас и на личен и на професионален план.

DS Smith има политика на строго придржување до Кодексот на однесување и нема да толерира никаква негова повреда секаде каде што има свои претставништва. Од сите вработени се бара да се придржуваат до оваа политика и да ги почитуваат правилата и насоките. Вработените силно се поттикнуваат да ја пријават секоја повреда на Кодексот на однесување преку една од опциите што ги нуди „Пријави!".

## Злоупотреба

Вработените се поттикнуваат интерно да го пријават она што ги загрижува во врска со злоупотреба или несоодветно однесување, а што може да вклучува:

1. извршување, или веројатно извршување на кривично дело; или
2. непридржување до некоја законска или регулаторна обврска; или
3. повреда на политиките или процедурите на DS Smith; или
4. загрозување на здравјето и безбедноста на некој поединец; или
5. малтретирање на некој од вработените; или
6. штета на животната средина; или
7. незадоволување на правдата; или
8. измама или финансиски неправилности; или
9. уцена, корупција или мито; или
10. ропство или трговија со луѓе; или
11. намерно криење на делата опишани од 1 до 10 или непостапување по нив.

За DS Smith не е важно во која земја се случува злоупотребата или несоодветното однесување.

## Пријавување - како можам да помогнам во одржувањето високи стандарди на деловно однесување?

Нашата примарна цел е да спречиме појава на злоупотреба на работното место. Меѓутоа, ако се појави нешто такво, нашата цел е да спречиме негово повторување. Онаму каде што е соодветно, ќе вложиме максимални напори брзо да ја разрешиме ситуацијата. Во друг случај, целосно ќе го испитаме пријавениот проблем пред да преземеме соодветно дејство.

Секој вработен може да има важна улога и да помогне во задоволувањето на стандардите на однесување што ги одразува „Пријави!" на DS Smith. Политика. Кога ќе покренете некое прашање, ќе го разгледаме, ќе преземеме навремено и соодветно дејство и ќе направиме промени онаму каде што е неопходно.

Дијаграмот даден подолу претставува резиме на опциите за пријавување повреди на Кодексот на однесување во рамките на „Пријави!".




Во текот на целиот процес ќе се гарантира доверливоста

## Кому може да му се обратите?

Ако има нешто што Ве загрижува во врска со злоупотреба на работното место, првично разговарајте со Вашиот претпоставен, раководителот за човечки ресурси или претставникот на вработените. Тој или таа ќе се обиде да го реши прашањето во најскоро време имајќи предвид колку е тоа практично изводливо.

Може да има околности во коишто не чувствувате дека можете да му пристапите на Вашиот претпоставен, на раководителот за човечки ресурси или на претставникот на вработените и во тие околности може да го покренете прашањето (во рамките на локалните закони) преку надворешните канали. Expolink Europe Limited ("Expolink"), нашиот давател на услуги во сопственост на трети лица, ја води оваа телефонска линија во согласност со Политиката за заштита на податоците за да се обезбеди дека сите пријави на злоупотреби на работното место соодветно ќе се покренат и ќе се постапува по нив. Може да стапите во контакт со Expolink преку бесплатната телефонска линија (види Plexus за соодветниот број за Вашата земја) или преку нивната веб-страница **www.expolink.co.uk**. Expolink ги поддржува сите јазици што се зборуваат во DS Smith. Алтернативно, може да се обратите до лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата во Групацијата преку е-пошта – AskCoSec@dssmith.com.

Онаму каде што дозволува законот, може да останете анонимни доколку сакате, но ќе Ве поттикнат да го дадете своето име и податоците за контакт за да помогнете за поефективна истрага и за да сте во тек со тоа како таа напредува.

## Што ќе се случи потоа?

По истрагата, ако се утврди дека пријавата е валидна, може да преземеме еден или неколку од следните чекори (ова не е исцрпна лист):

- да го упатиме случајот до оперативниот директор на DS Smith со цел да се спроведе интерна истрага;
- да го упатиме случајот до стручно лице;
- да Ве упатиме да покренете постапка за жалби на локално ниво;
- да го упатиме случајот до Управниот одбор;
- да го упатиме случајот до соодветен надворешен регулаторен орган за понатамошна истрага;

Ќе бидете известени за соодветното дејство, или директно или преку Expolink, освен ако нема исклучителни околности, на пример, ако со известувањето до Вас се загрозува независноста на судскиот процес. Ако не сте задоволни со начинот на којшто е решена пријавата, треба на писмено да пријавите до Вашиот претпоставен на локално ниво или преку телефон до Expolink и пријавата ќе биде разгледана.

## Доверливост

Ако прашањата што ги покренувате се од јавен интерес, а не од злоба или со цел да се стекнете со лична добивка, и ако имате основа да верувате дека сомнежите се точни, ќе важи следново: -

- DS Smith ќе го открие идентитетот на вработениот (ако е познат) ако е неопходно за потребите на истрагата, за добивање правен совет, или заради придржување до некоја законска или регулаторна обврска. Во одредени ограничени околности, може да е неопходно да Ве идентификуваат или да стане можно трети лица да донесат заклучок за Вашиот идентитет. Од тие причини не може да се дадат гаранции за анонимност.
- DS Smith ќе ги преземе сите разумни чекори за да гарантира дека вработеното лице не е предмет на малтретирање, виктимизација или дисциплинска постапка како резултат на тоа што поднело пријава.
- Колку што е можно и во согласност со Политиката за заштита на податоците, сите придружни докази во врска со пријавата ќе се чуваат безбедни во секое време.

## Неосновани наоди

Нема да се преземе никакво дејство против некое вработено лице ако поднесе пријава врз основа на оваа политика, а наводите не бидат потврдени во понатамошната истрага. Меѓутоа, злонамерните или неоснованите наводи може да доведат до дисциплинска постапка.

## Одговорност

Од сите лица кои се опфатени со оваа политика се бара да се запознаат со условите на оваа политика.

Раководителите имаат одговорност да обезбедат дека за политиката се зборува и таа се применува во областа што ја покриваат. Сите прашања во врска со примената или толкувањето на оваа политика мора да се разгледаат со лицето одговорно за општи совети и секретар на компанијата во Групацијата пред да се преземе некакво дејство.

Усвоено од Управниот одбор

29 април 2014 година